
USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

STRATEGIC
DEVELOPMENT
CONSULTING



Документ за политики

Јакнење на капацитетите на претприемачките

Содржина

Резиме 3

Вовед 4

Ситуацијата во Република Северна Македонија 6

Анализа на резултатите од истражувањето 8

Препораки за мерки/активности 9

Заклучок 11

Резиме

Развојот и унапредувањето на женското претприемништво, поддршката што се обезбедува за микро, малите и средните претпријатија (ММСП) управувани и/или основани од жени треба да се спроведува на системски и холистички начин. Имено, процесот на креирање на мерките за поддршка за жените претприемачки треба да се заснова на реалните и на специфичните потреби на претпријатијата управувани и/или основани од жени, за што е неопходно да се водат родоворазделени статистики за пазарот на труд, како и да се прават редовни периодични проценки и анализи на потребите за развој на претприемачките. За економското јакнење на жените потребно е да се влијае на процесите на создавање поволна бизнис-клима, од кои клучно е обезбедувањето олеснет пристап до ресурси и соодветна поддршка за развој на претприемачкиот потенцијал на жените што управуваат со свои претпријатија или сакаат да основаат свое сопствено претпријатие. Развојот на постоечките и отворањето нови претпријатија води кон создавање нови работни места, што пак придонесува за раст и развој на целокупната економија на земјата.

Овој документ за политики е изработен врз основа на наодите од истражувањето спроведено во рамките на проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем" спроведуван од Консалтинг за стратешки развој, со финансиска поддршка на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Покрај податоците собрани со истражувањето, овој документ вклучува и податоци собрани по пат на деск-истражување. Препораките за мерките и активностите кои се презентирани во овој документ се однесуваат на креаторите на политиките и тие треба да придонесат кон јакнење на интерните капацитетите на ММСП управувани и/или основани од жени и за создавање поволно опкружување во насока на зголемување на конкурентноста и продуктивноста на претпријатијата.



Вовед

Претпријатијата, особено новоформираните, но и постоечките микро и мали, имаат потреба од финансиска и нефинансиска поддршка со помош на која треба да им се обезбеди опстанок на пазарот, но и нивен раст и развој. Ако финансиската поддршка треба да обезбеди поголема ликвидност и олеснети парични текови, нефинансиската треба да обезбеди поддршка во унапредување на постоечките и стекнување нови знаења и вештини на вработените и на самите менаџери/управители, со што би се зголемиле внатрешните капацитети на претпријатието. Тоа подразбира спроведување (специфични) обуки, советодавни услуги и програми за менторство – како еден вид стручна поддршка на бизнисите.

Во таа насока, имплементацијата на посебни програми за развој на капацитетите на претприемачките што сакаат да го развиваат сопствениот бизнис, е од посебно значење, поради фактот дека преку нивното спроведување се зајакнуваат и унапредуваат компетенциите и вештините на вработените што е клучен придонес во стекнувањето самодоверба кај самите претприемачи, но и придонесува кон зголемување на конкурентноста и продуктивноста, како и добивката на претпријатието. За остварување на очекуваните резултати и ефикасност при спроведувањето на вакви активности потребно е при дефинирање на посебните програми за развој на капацитетите, тие да ги земат предвид специфичните потреби на претприемачките. Спроведувањето редовни анализи за потребите од обуки и вештини и организирањето обуки за претприемач(к)ите согласно идентификуваните потреби, треба да претставува еден од приоритетите на креаторите на политиките при планирање на плановите и програмите за поддршка на претприемништвото. Со воспоставување таков систем каде *понудата е базирана на побарувачката*, се достигнува едно ниво на кое средствата што се обезбедуваат од државата (но и од други извори на финансирање) рационално и ефикасно се користат за постигување на посакуваните резултати во насока на развој и поддршка на претприемништвото.

Претпријатијата управувани од жени, не се разликуваат од генералниот просек во однос на потреби за обуки, но тие имаат поголема потреба за (не)финансиска поддршка затоа што жените не стартуваат од иста позиција како мажите. Тоа се должи на сè уште присутните родови стереотипи, обврските кон семејството, тешкотиите во обезбедувањето капитал, како и помалото ниво на самодоверба. Во зависност од регионот каде што работат и функционираат, претпријатијата управувани и основани од жени претставуваат до 10 %, па во некои земји и до 30 % и 38,5 % во однос на вкупниот број претпријатија. Во таа насока, сè повеќе земји спроведуваат посебни мерки и активности и креираат посебни политики за развој на женското претприемништво поради две главни причини, согласно истражувањето спроведено од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD). Првата причина е што, и покрај пониските стапки на учество во претприемништвото споредбено со мажите, жените се важен неискористен извор на економски раст бидејќи и тие создаваат нови работни места за себе и за другите. Втората причина се однесува на тоа што жените претприемачки имаат различен пристап при справувањето со општествените, организациските и деловните

проблеми, што се рефлектира и во процесите на управување со бизнисите, како и во искористувањето на претприемачките можности. Оваа додадена вредност не е многу промовирана, односно мала е свесноста за улогата на жените претприемачки во економијата.

Како резултат на поддршката што се обезбедува за жените претприемачки, сè поголем број жени се охрабруваат да започнат свој бизнис и успеваат да остварат значајни економски резултати, не само за самите себе туку и за своето семејство и за општеството во целина. Во глобални рамки, жените претприемачки се поетички ориентирани и општествено поодговорни во споредба со мажите претприемачи, поради фактот што голем дел нив се и мајки и имаат позаштитнички пристап кон работите што ги реализираат[1],[2].

Доколку постои родовочувствителен пристап во процесот на креирање на политиките за поддршка и развој на ММСП, од страна на креаторите на политиките, земајќи ги предвид специфичните потреби на жените, за бизнисите што тие ги водат би се обезбедила дополнителна (не)финансиска поддршка со што би се зголемил нивниот потенцијал за полесен пристап на домашниот и на странскиот пазар, подобрена достапност до поевтини и поквалитетни инпути, унапредување на менаџерските и на техничките вештини, а исто така полесен би бил пристапот и поефикасна искористеноста на специфичните финансиски инструменти што се на располагање.

Исто така, неопходно е претприемачките да имаат полесен пристап до обезбедувачите на обука, универзитетите, институтите, лабораториите и сл. за да можат во процесот на унапредување на бизнисите поефикасно да вклучат воведување нови и да ги подобрат постоечките производи и технологии.

Важна е и улогата на единиците на локалната самоуправа од кои се очекува поголем ангажман во однос на обезбедување поголема поддршка за потенцијалните и веќе постоечките ММСП раководени и основани од жени. Така на пример, во однос на потенцијалните претприемачки, општините треба да понудат помош при разработка на деловната идеја и изработка на деловен план и насочување на потенцијалните претприемачки во процесот на регистрација на самите претпријатија (преку разгледување на можностите за поддршка при отворање на бизнис како што е програмата на Владата за самовработување). Исто така, единиците на локалната самоуправа треба да бидат вклучени и во процесот на подигнување на свеста на жените за предностите и ризиците од регистрација на претпријатие на нивно име.

Од друга страна, за веќе постоечките претпријатија, покрај поддршката што се обезбедува за сите претпријатија од тој регион, треба да се дефинираат посебни програми за (не)финансиска поддршка на женското претприемништво и ММСП управувани и/или основани од жени, како што се заложбите на градот Скопје со формирање Совет за поддршка на женско претприемништво, финансирање проекти за поддршка на жените претприемачки преку организациите за деловна поддршка, изработка на Стратегија за развој на женското претприемништво за Скопскиот Плански Регион. Дополнително, треба да се обезбедат средства со кои би се обезбедила директна поддршка базирана на потребите на оваа целна група.

[1] The gender and motherhood wage gap in the former Yugoslav Republic of Macedonia: An econometric analysis, ILO 2014, analysis

[2] Gender equality and decent work, ILO 2012

Ситуацијата во Република Северна Македонија

Бројни меѓународни споредби укажуваат дека Република Северна Македонија во дел од глобалните родовоповрзани истражувања сè уште значително заостанува во остварувањето на родовата еднаквост. Постојат три клучни меѓународни индекси со кои се мери родовата еднаквост од неколку аспекти: Gender Inequality Index (GII)[3], Global Gender Gap (GGG) и Social Institutions and Gender Index (SIGI).

Два од трите показатела говорат за тоа дека во државата сè уште постои значителна родова нееднаквост во учеството во економскиот живот, во пристапот кон ресурсите и можностите. Сето тоа дава доволно силна аргументација дека покрај на национално ниво, потребни се активности и на локално ниво што ќе придонесат за унапредување на женското претприемништво и охрабрување на жените да се вклучат во претприемачки активности.

За ниското учество на жените на пазарот на труд во Република Северна Македонија говорат податоците дека во 2021 година, од вкупниот број работодавачи, само 19 % се жени. Слично на тоа, 78 % од вработените на сопствена сметка се мажи, додека 22 % се жени. На пазарот на трудот во Република Северна Македонија жените се значително помалку активни од мажите. Стапката на вработеност на жените во 2021 година изнесувала 38,3 %, односно 55,1 % од жените се економски неактивни. Разликите во стапките на учество на жените и мажите на пазарот на труд доведуваат до родов јаз во стапката на вработеност, кој во 2021 година изнесувал 20,3 %[4].

Рамката за поддршката што се обезбедува за жените претприемачки во нашата земја е дефинирана во четири основни стратегиски документи (не земајќи го предвид Законот за буџети со кој за прв пат се регулира принципот на родовоодговорно буџетирање и обврската за вклучување на родови индикатори и родовобуџетска изјава на централно и на локално ниво):

- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022 – 2024 година
- Национална стратегија за мали и средни претпријатија (2018 – 2023)
- Стратегија за развој на женското претприемништво во Република Македонија (2019 – 2023)
- Стратегија за родова еднаквост (2022 – 2027)
- Закон за буџети.

[3] GII е индекс на родова нееднаквост, кој Организацијата на Обединатите нации го следи од 1995 година и се темели на 5 индикатори и тој покажува во која мера националните достигнувања во одредени области на развој на човечките ресурси се загрозени поради родова нееднаквост. Индикаторите во овој индекс се поделени во 3 димензии и се користат за проценка на загубите во човечкиот развој предизвикан од родовата нееднаквост во трите аспекти на „репродуктивното здравје", „овластувањето" и „пазарот на трудот".

- Индикаторите избрани за аспект на „репродуктивното здравје" го мерат „односот на смртност на мајките" и „стапката на плодност кај адолесцентите"
- Индикаторите за „овластување" ги сочинуваат „женскиот и машкиот удел во пратеничките места" и „населението со најмалку средно образование (% на возраст од 25 и повеќе години)
- Индикаторот за „пазарот на трудот" претставува „стапка на учество во работната сила"

[4] Жените и мажите во Северна Македонија, Државен завод за статистика, 2023, ISBN 978-608-227-352-5

Иако само во Стратегијата за развој на женското претприемништво се дефинираат конкретни активности за поддршка на ММСП управувани и/или основани од жени, сепак и во останатите стратегиски документи – Стратегијата за мали и средни претпријатија[5] и во Програмата за работа на Владата[6] се наведени стратегиски приоритети што треба да бидат реализирани согласно предвидената временска рамка, со кои треба да се обезбеди соодветна поддршка за развој и раст на претпријатијата (особено на микро, малите и на средните претпријатија).

Врз основа на овие документи, кои претставуваат патоказ за насоката во која треба да се движи поддршката што ја обезбедува државата и кои се целите што треба да се остварат, понатаму се дефинираат годишни програми во кои се содржани конкретни активности, мерки и проекти, чија реализација треба да придонесе за остварување на претходно дефинираните цели. Ваквите програми, кои се изработуваат согласно повеќегодишните акциски планови како составен дел од стратегиските документи, најчесто се усвојуваат на годишно ниво од страна Владата и тие се реализираат преку Министерството за економија[7,8] и Агенцијата за поддршка на претприемништвото, а во некои сегменти преку Фондот за иновации и технолошки развој, како и преку Кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции. Во овие програми, се дефинирани активности за финансиска и нефинансиска поддршка на претпријатијата.

Иако подетална евалуација и оценка на влијанието (како јавно достапен документ) во однос на реализираните активности од акциските планови (кои се составен дел на стратегиите) не постои, во иднина, покрај вклучување на ваквите алатки за следење и оценување преку кои би се оценила успешноста на реализацијата на активностите и остварувањето на очекуваните резултати и целите од самите стратегиски документи, потребно е и поголемо вклучување на самите крајни корисници (за кого се и наменети овие документи) во процесот на креирање на политиките. Со самото тоа се зајакнува довербата кон институциите и се создава еден потранспарентен процес при креирањето политики, кои со вклучување поголем број чинители и корисници во процесот ја зголемува и самата ефикасност на реализација на активностите и финансиските средства што се обезбедуваат од страна на државата.

[5] Приоритети од Стратегијата за мали и средни претпријатија:
- Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП: Да им се помогне на МСП да станат високопродуктивни и конкурентни учесници на европскиот и на другите меѓународни пазари.
- Динамичен екосистем на претприемништво и иновации: Да се поттикне економската конкурентност на Македонија преку зголемување на претприемачкиот и иновативниот капацитет на МСП

[6] Планот за забрзан економски раст ќе има клучна улога во поттикнување нови работни места и поттикнување на растот на економијата во Република Северна Македонија. Крајните цели одат во три насоки: 1) Зголемени инвестиции, односно да се овозможи поефективно користење на јавните инвестиции со мобилизирање на дополнителни, инвестирани од страна на приватниот сектор; 2) Забрзан раст, удвојување на стапките на економски раст на среден рок и 3) Обезбедување фискална консолидација.

[7] https://economy.gov.mk/docs/sektor-pretpriemnistvo

[8] https://economy.gov.mk/mk-MK/news/programa-za-poddrska-na-konkurentnosta-na-prerabotuvackata-industrija-i-opstestvena-odgovornost-za-2023-godina.nspx

Анализа на резултатите од истражувањето

Во рамките на истражувањето што се спроведе во периодот март – јуни 2023 за потребите на проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем“, преку користење квалитативни и квантитативни методи, целта беше цел да се анализираат предизвиците и потребите на ММСП од 9 сектори од економијата (преработувачка индустрија; трговија на големо и мало; објекти за сместување и сервисни услуги со храна; транспорт и складирање; земјоделство; уметност, забава и рекреација; информации и комуникации; снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; занаетчиство) кон кои беше фокусирана владината поддршка во последните 3 години (за време на здравствената и енергетско-економската криза), како и да се согледаат ставовите и размислувањата на претставници од клучните државни институции и од бизнис-секторот (комори, организациите за деловна поддршка, здруженија на бизнис-жени) во врска со развојот на ММСП за да се развијат препораки за ефективни политики и мерки што ќе придонесат кон поконкурентни и поприспособливи претпријатија.

Согласно податоците добиени во рамките на ова истражување, во кое беа вклучени скоро 1/4 од ММСП управувани или основани од жени[9], тие сметаат дека за подобрување на состојбите на секторот ММСП и специфично женското претприемништво, потребна е подобра функционалност на правниот систем, спроведување на законите, подобрување на работењето на институциите, јасно поделени задачи на сите инволвирани страни од јавниот и приватниот сектор. Исто така, според жените претприемачки, подобрувањето на работата на институциите надлежни за спроведување на одредени мерки за поддршка на жените претприемачки би помогнало во насока на поголема достапност на институциите кон претпријатијата. Тие сметаат дека е потребно да се подобри брзината и ефикасноста на работењето на јавните институции и да се подобри нивната комуникација со претприемачките. Дополнителни проблеми наведени од страна на претприемачките се наплатата на побарувањата, неможноста за конкурентност при аплицирање на тендери за јавни набавки, како и „сивата економија“.

Исто така, жените претприемачки наведуваат дека недостасува системски пристап при обезбедувањето поддршка од страна на државата, односно спроведување анализи кои се неопходни за да се идентификуваат потребите за развој на ММСП основани и/или управувани од жени, па врз основа на тие анализи креаторите на политики да развијат и да донесат корисни мерки за поддршка. Во оваа насока е истакната и потребата од поддршка на ММСП за нивна дигитализација и дигитална трансформација. Соодветно, потребна е поголема поддршка на ММСП управувани и/или основани од жени – почнувајќи од подигање на свеста, до примена на специфични облици на дигитално деловно работење, вклучително и на електронското плаќање. Имајќи го предвид брзиот развој на новите технологии, јасна е потребата од поголема поддршка на жените претприемачки во однос на дигитализација на нивните работни процеси, како при основање така и за унапредување на веќе постоечките бизниси.

[9] 23 % управувани од жени и 24 % основани од жени

Препораки за мерки/активности

Врз основа на спроведеното анкетно истражување и ставовите и размислувањата кои беа споделени од страна на испитаниците вклучени во фокус-групите и длабинските интервјуа, приоритетните области на кои треба да се сосредоточат релевантните чинители, а се однесуваат на јакнење на капацитетите на ММСП вклучително/со фокус на оние што се основани/управувани од жени, се следниве:

- Воспоставување централен систем за евиденција на податоци за претпријатија управувани од жени/во сопственост на жени.
- Подигнување на свеста на жените за предностите и ризиците од регистрација на претпријатие на нивно име.
- Едукација на ММСП за значењето на иновациите во унапредување на бизнисот и начините на воведување на иновативни процеси/производи во работењето.
- Унапредување на комуникацијата за можностите за финансирање и поддршка на иновациите, помеѓу ММСП, организациите за деловна поддршка и институциите.
- Подобрување на информираноста и пристапот на ММСП до владините мерки и програми.
- При креирање на стратегиите и мерките за поддршка на ММСП да се земе предвид големината на претпријатијата, како и спецификата на индустријата/секторот каде што работат.
- Дигитализација на услугите со цел поедноставување на процедурите за аплицирање за мерките/поддршката за ММСП.
- Креирање ефективни алатки за следење и евалуација на перформансот/резултатите од имплементација на стратегиите и програмите за поддршка и развој на ММСП.
- Унапредување на комуникацијата и координацијата помеѓу различните државни институции за стратегиите и програмите на ММСП.

Врз основа на горенаведените приоритети, во прилог се презентирани мерките, односно активностите што треба да бидат реализирани со цел да се обезбеди сеопфатен систем на едукација за развој и унапредување на вештините и знаењето на жените претприемачки.

Темите за дел од мерките што се однесуваат на јакнење на капацитетите на жените претприемачки преку обезбедување обуки се дефинирани врз основа на наодите од истражувањето спроведено во рамките на проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем", како и анализата на секундарните извори на податоци како добри пракси што се применуваат во светот. Така на пример, јакнењето на дигиталните вештини и знаење е една од осумте клучни компетенции за доживотно учење. Со цел да се идентификуваат дополнителни и специфични теми за развој на капацитетите на жените претприемачки, потребно е да се спроведе истражување за проценка на потребите за нивниот развој.

Мерките се поделени во неколку области, согласно видот и начинот на кој треба да бидат спроведени активностите. Дел од нив се подготвителни (како на пример, спроведување анализа за потребите од обуки/вештини), друг дел се однесуваат на обезбедување директна поддршка на претпријатијата, додека останатите се индиректна поддршка, односно активности што треба да ги реализираат самите институции во соработка со останатите релевантни чинители.

Табела 1. Предлог-активности што треба да бидат дел од политиките/годишните програми на институциите за поддршка на ММСП управувани и/или основани од жени

Активности	Претпоставено време потребно за спроведување	Задолжена институција/ организација за спроведување
Спроведување национална/регионална/локална анализа за потреби од обуки/вештини за ММСП управувани и/или основани од жени	5 месеци	Министерство за економија, стопански комори и останати организации за деловна поддршка
Спроведување обуки за обучувачи/тренери согласно резултатите од анализата за потреби од обуки/вештини (факултативно)	4 месеци	Агенција за поддршка на претприемништвото, Здруженија на консултанти
Обезбедување посебна советодавна поддршка (менторство) на жените претприемачки кои се извозно ориентирани и кои вршат технолошко поврзани активности	3 месеци	Агенција за поддршка на претприемништвото
Развивање посебни програми за обука за дигитализација на деловното работење, како и дигитална трансформација на ММСП основани/управувани од жени	4 месеци	Министерство за економија и/ или Агенција за поддршка на претприемништвото
Развивање посебни програми за обука за финансиска писменост	3 месеци	Министерство за финансии и Народна банка на Република Македонија
Развивање програми за менторство со искусни жени претприемачки преку обезбедување совети и можности за вмрежување	6 месеци	Министерство за економија и Агенција за поддршка на претприемништвото
Поддршка при организирање настани и форуми за вмрежување, кои го олеснуваат споделувањето на знаењето, соработката и партнерствата меѓу жените претприемачки	12 месеци	Министерство за економија и Агенција за поддршка на претприемништвото
Организирање работилници за користење технолошки алатки за маркетинг и продажба, е-трговија и други деловни активности	12 месеци	Министерство за економија и/ или Агенција за поддршка на претприемништвото
Воспоставување директна соработка со банките заради развивање посебни финансиски производи и услуги што одговараат на посебните потреби на жените претприемачки	2 месеца	Министерство за економија, стопански комори и деловни здруженија, Македонска банкарска асоцијација
Собирање родоворазделени податоци за претприемништвото и развој на вештини за оценка на напредокот, идентификување на недостатоците и ефикасно креирање на идните политики	12 месеци	Министерство за економија и Агенција за поддршка на претприемништво
Воспоставување систем/механизми за следење и евалуација на ефективноста на мерките за развој на капацитетите на жените претприемачки	4 месеци	Министерство за економија

Заклучок

Обезбедувањето поддршка за едукација и унапредување на капацитетите на жените претприемачки претставува еден сеопфатен систем, кој освен самата реализација на обуките и трансферот на знаењето, треба да вклучува собирање и анализа на родоворазделени статистички податоци, спроведување истражувања и детални анализи за реалните потребите на жените претприемачки, мапирање на релевантните чинители и нивно вклучување/ангажирање како на национално, така и на локално ниво. Со прифаќањето на мерките презентирани во овој документ и нивно доследно планирање и спроведување, креаторите на политиките ќе го поддржат растот и успехот на женските бизниси и женското претприемништво во државата, што пак ќе придонесе за подобрување на родовата еднаквост на пазарот на труд и на севкупниот економски развој. Ова е особено важно во моменти кога изостанува стратегиската рамка што го трасира патот за остварување на националните цели за развој на малите, средните претпријатија и на женското претприемништво.

Спроведувањето на предложените мерки треба да биде составен дел од акциските планови што ќе бидат интегриран дел од националните секторски стратегии, кои понатаму ќе бидат вклучени во годишните програми што се реализираат преку министерствата, агенциите и останатите државни институции.





Оваа пибликација е подготвена од Консалтинг за стратешки развој со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржините на овој документ за политики им припаѓаат на авторите и не нужно ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.